3770 СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СРМ
91001 - СКОПЈЕ, п.фах 51

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 21 април 1990
Скопје
Број 13 Год. XLVI

Аконтацијата за 1990 година изнесува 300 динари. Овој број чини 10 динари. Жиро сметка 40100-603-12498.

199.

Врз основа на член 36 од Законот за изменување и дополнување на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани („Службен весник на СРМ“ број 12/90), Законодавно-правната комисија на Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата одржана на 16 април 1990 година, го утврди пречистениот текст на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани.

Пречистениот текст на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани ги опфаќа Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани („Службен весник на СРМ“ број 32/83) и Законот за изменување и дополнување на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани („Службен весник на СРМ“ број 12/90), во кои е означено времето на нивното влегување во сила

Бр. 13-1401/1
16 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ,
Иван Гиновски, с р

ЗАКОН
ЗА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ

(Пречистен текст)

I ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредува здружувањето на граѓаните во општествени организации и здруженија на граѓани.

Член 2

Граѓаните можат слободно и доброволно да се здружуваат во општествени организации и здруженија на граѓани заради развивање на разновидни активности со кои се остваруваат и задоволуваат економски, политички, културни, научни, образовно-воспитни, социјално-хуманитарни, спортски, стручни и други интереси

Граѓаните во општествени организации се здружуваат заради остварување на поширок општествен интерес, а во здруженија на граѓани заради задоволување на своите лични и заеднички интереси.

Граѓаните, кои според одредбите на овој закон се здружуваат во општествени организации и здруженија на граѓани заради остварување на политички интереси и цели, можат да се организираат како политички организации, партии и други облици на политичко организирање

Членови на општествени организации и здруженија на граѓани од ставот 3 на овој член можат да бидат само државјани на СФРЈ.

Член 3

Општествените организации и здруженијата на граѓани се самостојни во организирањето и остварувањето на своите цели и активности утврдени со статутот, а своите права, должности и одговорности ги остваруваат во согласност со устав и закон.

Член 4

Општествените организации и здруженијата на граѓани можат да се здружуваат во сојузи и во други облици на здружување, заради заедничко унапредување на својата работа и активности, усогласување на посебните и заедничките интереси во областа за која се основани, како и за остварување на други прашања од заеднички интерес.

Општествените организации и здруженијата на граѓани и нивните сојузи и другите облици на здружување можат да соработуваат и да се зачленуваат во меѓународни организации и здруженија, ако не е спротивно на интересите на земјата и ако е предвидено со статутот.

Општествените организации, односно здруженијата на граѓани се должни за зачленувањето во меѓународни организации и здруженија да го известат органот на управата на општината надлежен за внатрешни работи најдоцна 30 дена од денот на зачленувањето

Член 5

Работата на општествените организации и здруженијата на граѓани е јавна.

Со статутот на општествената организација и здружението на граѓани се определува начинот на обезбедувањето и остварувањето на јавноста во нивната работа.

Член 6

Општествената организација и здружението на граѓани одговараат за обврските со средствата со кои располагаат

Општествената организација има право и обврска да ги користи општествените средства и да располага со нив во согласност со природата и намената на тие средства

Член 7

Општествените организации и здруженијата на граѓани можат да вршат стопанска и друга дејност, во согласност со закон.

Член 8

Општествената организација, сојузот на општествените организации и другите облици на здружување се општествени правни лица.

Здружението на граѓани, сојузот на здруженијата на граѓани и другите облици на здружување се граѓански правни лица

Член 9

Општествените организации и здруженијата на граѓани, како и нивните сојузи и други облици на здружување, стекнуваат својство на правно лице со денот на запишување во регистарот на општествените организации и здруженијата на граѓани (во натамошниот текст: регистар)

Член 10

Општествените организации и здруженијата на граѓани имаат статут

Со статутот се утврдуваат особено:

— целите и задачите на здружувањето и начинот на нивното остварување;

— формата на здружување (општествена организација или здружение на граѓани) и внатрешната организација;

— називот и седиштето на општествената организација и на здружението на граѓани;

— условите и начинот на зачленување и престанување на членството и правата, обврските и одговорностите на членовите·

— органите на општествената организација и на здружението на граѓани и нивните права, обврски и одговорности

— застапувањето и претставувањето,

— начинот на користење и располагање со средствата на општествената организација и здружението на граѓани,

— начинот на известување на јавноста за работата;

— начинот на одлучување за здружување во сојузи на општествени организации и здруженија на граѓани и за зачленување во меѓународни организации,

— начинот на донесување измени и дополненија на статутот;

— начинот на донесување одлуки за престанок на општествена организација и здружение на граѓани;

— начинот на располагање со имотот во случај на престанок на работата на општествената организација и здружението на граѓани

Општествените организации и здруженијата на граѓани можат да имаат и други општи акти со кои се уредуваат прашањата за работата и меѓусебните односи на членовите на организацијата, односно здружението

Член 11

Надзор над законитоста на работата на општествените организации и здруженијата на граѓани врши органот на управата надлежен за внатрешни работи на општината на чие подрачје е седиштето на општествената организација, односно на здружението на граѓани и органот на управата во чиј делокруг спаѓа дејноста на организацијата, односно на здружението

II. ОСНОВАЊЕ, РЕГИСТРАЦИЈА И ПРЕСТАНОК НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ

1. Основање

Член 12

Општествена организација и здружение на граѓани може да основаат најмалку 10 полнолетни граѓани со постојано живеалиште во СР Македонија.

Основачи на општествена организација и здружение на граѓани не можат да бидат лица кои се осудени за кривични дела· против основите на општественото уредување и безбедноста на СРМ и СФРЈ; против вооружените сили на СФРЈ; против човечноста и меѓународното право; против слободите и правата на човекот и граѓанинот.

Забраната за лицата од ставот 2 на овој член трае пет години од денот на издржаната, простената или застарената казна.

Член 13

Општествената организација и здружение на граѓани се основаат на собрание на основачите.

Општествената организација и здружението на граѓани на собранието на основачите донесуваат одлука за основање и статут на општествената организација и на здружението на граѓани.

Одлуката за основање содржи·

— имиња на основачите;

— назив на општествената организација и на здружението на граѓани,

— седиште,

— цели и задачи,

— лично име на овластеното лице кое ќе ги врши работите на упис на општествената организација и здружението на граѓани во регистарот.

Член 14

Член на општествена организација и здруженија на граѓани може да биде лице кое ќе потпише пристапна изјава.

2. Регистрација

Член 15

Општествените организации и здруженијата на граѓани се запишуваат во регистарот што го води органот на управата надлежен за внатрешни работи на општината на чие подрачје е седиштето на општествената организација, односно на здружението на граѓаните (во натамошниот текст: надлежен орган за водење на регистарот).

Член 16

Општествените организации и здруженијата на граѓани можат да почнат со вршење на дејност со денот на запишувањето во регистарот.

За запишување во регистарот надлежниот орган за водење на регистарот донесува решение

Решението за запишување во регистарот особено содржи датум на запишувањето и реден број на регистарот под кој е извршено запишувањето, назив на општествената организација односно на здружението на граѓани, основна содржина на работите и активностите, седиште и подрачје на дејствување

Доколку органот надлежен за регистрација не донесе решение во предвидениот рок, ќе се смета дека општествената организација односно здружението на граѓани се регистрирани наредниот ден по истекот на рокот

Член 17

Основачите на општествената организација односно на здружението на граѓани или нивните органи се должни во рок од 15 дена од денот на основањето да поднесат барање за запишување во регистарот.

Со барањето за запишување во регистарот се поднесува одлука и записник од седницата на основачкото собрание на општествената организација, односно на здружението на граѓани и два примероци од статутот

Ако надлежниот орган за водење на регистарот утврди дека целите на општествената организација односно на здружението на граѓани опфаќаат активности од член 23 на овој закон, ќе донесе решение за одбивање на барањето за запишување во регистарот

Член 18

Општествените организации односно здруженијата на граѓани, што вршат измени и дополнувања на статутот, се должни во рок од 15 дена за тоа писмено да го известат надлежниот орган за водење на регистарот и да му достават одлука за изменување и дополнување на статутот, препис од записникот за прифаќање на одлуката и новиот статут во два примероци и да побараат запишување на овие промени во регистарот.

Член 19

Надлежниот орган за водење на регистарот е должен во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето да изврши запишување во регистарот.

Ако органот од ставот 1 на овој член утврди дека статутот не е во согласност со закон, ќе му укаже за тоа на подносителот на барањето и ќе му определи рок во кој е должен тоа да го отстрани. Овој рок не може да биде подолг од 30 дена.

Ако органот од ставот 1 на овој член утврди дека општествената организација или здружението на граѓани не е основано во согласност со овој закон и ако во рок од ставот 2 на овој член не е постапено по неговите забелешки, ќе донесе решение за одбивање на барањето за запишување во регистарот.

Член 20

Основачот на општествената организација односно на здруженијата на граѓани може да изјави жалба против решението на надлежниот општински орган за одбивање на барањето за запишување во регистарот до републичкиот орган на управата надлежен за внатрешни работи.

Републичкиот орган од ставот 1 на овој член е должен во рок од 15 дена да донесе решение, со кое ќе одлучи по жалбата

Против решението за одбивањето на барањето за запишување во регистарот донесено од надлежниот републички орган, може да се поднесе тужба до Врховниот суд на Македонија

Член 21

Во случај на престанок на работата на општествената организација односно на здружението на граѓани, лицето што ја застапувало општествената организација односно здружението на граѓани, е должно во рок од 15 дена да го извести надлежниот орган за водење на регистарот заради бришење на општествената организација, односно здружението на граѓани од регистарот

Бришењето од регистарот ќе се изврши кога надлежниот орган за водење на регистарот утврди дека општествената организација односно здружението на граѓани престанало со работа

3. Престанок

Член 22

Општествената организација односно здружението на граѓани престанува да работи ако:

— за тоа одлучат членовите,

— бројот на членовите се намали под бројот определен за основање;

— настапат причините од член 23 на овој закон, и

— се утврди дека општествената организација односно здружението на граѓани престанале со работа

Решение за престанок на општествена организација односно здружение на граѓани донесува надлежниот орган за водење на регистарот

Член 23

Ќе се забрани работата на општествената организација односно на здружението на граѓани ако нивната активност се користи за:

— уривање на основите на општественото уредување утврдено со уставот;

— загрозување на независноста на земјата;

— кршење на слободите и правата на човекот и граѓанинот загарантирани со уставот,

— загрозување на мирот и рамноправната меѓународна соработка,

— разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост,

— поттикнување кон вршење на кривични дела, и

— навредување на јавниот морал.

Секој може да даде иницијатива за забрана на работата на општествена организација односно на здружение на граѓани, ако основано се сомнева дека остваруваат активност од ставот 1 на овој член

Член 24

Работата на општествената организација односно здружението на граѓани ќе се забрани со пресуда на окружниот суд надлежен според седиштето на општествената организација односно здружението на граѓани доколку е насочено кон извршување на активности што се забранети со овој закон

Постапка за забрана на работата на општествената организација односно на здружението на граѓани се покренува по предлог на надлежниот орган за водење на регистарот, односно надлежниот јавен обвинител

Член 25

Постапката за забрана на работата на општествената организација односно здружението на граѓани е итна и судот може да одржи расправа и да донесе одлука иако уредно повиканите странки не дошле на расправата на што странките се предупредуваат во поканата за расправа

Член 26

Против пресудата на окружниот суд со која се одлучува за забрана на работата на општествената организација односно на здружението на граѓани, странките можат да поднесат жалба до Врховниот суд на Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот на пресудата

Жалбата против пресудата за забрана на работата на општествената организација односно на здружението на граѓани не го задржува нејзиното извршување

Навремената и допуштена жалба, судот ќе ја достави до Врховниот суд на Македонија заедно со сите списи во рок од 3 дена од денот на приемот на жалбата

Врховниот суд на Македонија може да ги повика и сослуша странките

Врховниот суд на Македонија одлучува по жалбата во рок од 3 дена од приемот на жалбата

III СРЕДСТВА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ

Член 27

Општествените организации можат да стекнуваат средства односно определени права на средства и со тие средства како општествени располагаат во согласност со статутот и со закон

Здруженијата на граѓаните стекнуваат средства од членарина, прилози и подароци и на друг начин и со нив располагаат во согласност со статут и со закон

Член 28

Стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на општествените организации се врши на начин утврден со општите прописи и со овој закон

Контрола над законитоста во стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на општествените организации врши Службата на општественото книговодство во Социјалистичка Република Македонија

Член 29

Општествените организации и здруженијата на граѓани со средствата со кои располагаат имаат права, обврски и одговорности утврдени со закон

Член 30

За остварување на своите цели општествените организации можат да стекнуваат предмети, парични средства и материјални права

Средствата од ставот 1 на овој член општествените организации ги стекнуваат од придонесите што ги плаќаат членовите на организацијата, со учество во доходот, остварен со вршење на стопанска и друга дејност што ја организирала општествената организација и од други извори

Член 31

Во управувањето со средствата, членовите на општествената организација односно на здружението на граѓани и нивните органи преземаат мерки за општествено и економски целесообразно користење на средствата и за спречување и остварување на незаконитостите и другите општествено негативни појави во користењето и располагањето со средствата

Општествената организација односно здружението на граѓани и нивните органи одговараат за законитоста на работата во врска со користењето и располагањето со средства во организацијата, односно во здружението.

Член 32

Членовите на општествената организација односно на здружението на граѓани остваруваат контрола врз прибавувањето, користењето и располагањето со средствата на организацијата односно на здружението на начин утврден со статутот

Органите на општествената организација односно на здружението на граѓани се должни на барање на членот на организацијата односно на здружението да му овозможат увид во користењето на средствата на начин утврден со статутот

Член 33

Кога општествената организација односно здружението на граѓани ќе престане со работа, средствата што остануваат по намирување на обврските на организацијата се пренесуваат на општествено правно лице на начин определен со статутот на општествената организација.

Доколку постапувањето со средства не е уредено со статутот, истите се пренесуваат на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на општествената организација односно здружението на граѓани

IV. ВРШЕЊЕ НА СТОПАНСКА И ДРУГА ДЕЈНОСТ

Член 34

Општествените организации односно здруженијата на граѓани можат да вршат стопанска или друга дејност, ако ги исполнуваат условите пропишани со закон за вршење на дејноста.

Стопанската или другата дејност што општествената организација односно здружението на граѓани ја вршат, како и другите податоци што се од значење за правниот промет се запишуваат во судскиот регистар.

Стопанската или друга дејност во општествената организација односно здружението на граѓани може да се врши од членовите непосредно, како и од работниците што засновале работен однос со таа организација односно здружение.

V. ЗДРУЖЕНИЈА НА СТРАНЦИ

Член 35

Странците што престојуваат на територијата на Социјалистичка Република Македонија под услови и начин утврдени со сојузни прописи можат да основаат здруженија.

Одобрение за основање на здруженија на странци дава Републичкиот секретаријат за внатрешни работи

Здруженијата на странци се запишуваат во регистар на здруженијата на странци што го води Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

Член 36

Против решението за одбивање на барањето за основање на здруженија на странци, односно решението со кое се забранува вршење на дејноста на овие здруженија, може да се изјави жалба до Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Против решението за одбивање на жалбата од ставот 1 на овој член не може да се води управен спор.

VI. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 37

Со парична казна од 3000 до 5000 динари ќе се казни за прекршок општествената организација односно здружението на граѓани ако:

— во рок од 30 дена не го извести надлежниот орган за зачленувањето во меѓународна организација (член 4 став 3);

— во рок од 15 дена писмено не го извести надлежниот орган за водење на регистарот за изменување и дополнување на статутот (член 18).

За прекршок од ставот 1 на овој член ќе се казни со парична казна од 300 до 500 динари и одговорното лице во општествена организација односно во здружението на граѓани.

Член 38

Со парична казна од 300 до 500 динари ќе се казни за прекршок лице ако:

— врши дејност на општествената организација односно на здружението на граѓани пред нивното запишување во регистарот (член 16);

— во случај на престанок на работата на општествената организација односно на здружението на граѓани не го извести надлежниот орган за водење на регистар заради бришењето на организацијата односно на здружението од регистарот (член 21 став 1).

Ако поради прекршокот од ставот 1 на овој член дојде до загрозување на јавниот ред и мир сторителот ќе се казни со казна затвор до 60 дена.

Член 39

Со парична казна од 500 до 700 динари ќе се казни за прекршок лице, ако врши активност на општествената организација, односно на здружението на граѓани чија работа е забранета (член 23).

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 40

На општествените организации и здруженијата на граѓаните кои ќе се регистрираат за остварување на политички интереси и цели и имаат најмалку 1000 членови, ќе им се обезбедат средства од Републичкиот буџет во износ од три просечни бруто-лични доходи остварени во стопанството во Републиката.

Се овластува Извршниот совет да донесе поблиски прописи за определување на постапката за остварување на правото утврдено во ставот 1 на овој член

Член 41

Постапката за регистрација на општествените организации и здруженијата на граѓани која од денот на влегувањето во сила на овој закон не е завршена, ќе заврши според одредбите на овој закон

Член 42

Општествените организации и здруженијата на граѓани се должни своите акти да ги усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на неговото влегување во сила

Член 43

Се овластува републичкиот секретар за внатрешни работи во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон да донесе прописи за образецот и начинот на водењето на регистарот.

200.

Врз основа на член 12 и 31 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 5/90), а во врска со точка 2 1.5. (3) под II, Трет дел од Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија, за периодот од 1986 до 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр. 43/85), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ИЗГРАДБА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ШТО СЕ ОД ОПШТ ИНТЕРЕС ЗА РЕПУБЛИКАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се распоредуваат средства за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката во 1990 година, по одделни корисници и намени во вкупен износ од 2.564.828 динари

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распоредуваат на:

1. Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита:

— за изработка на кровната конструкција и фасадата на Специјалниот завод во Демир Капија 367.000

2. Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура:

— за поправка на кровот на Домот на поезијата во Струга 110.000

— за реконструкција на културниот центар „25 Мај“ во Валандово 60.000

— за адаптација и опремување на работниот простор на редакциите на списанијата „Современост", „Разгледи" и „Културен живот" 500.000
— за Словен домот — Егзодусот на Македонците од Егејска Македонија во Штип 500 000
— за реконструкција на кровот на Домот на културата во Кавадарци 200 000
— за доизградување на архивот во Прилеп 100.000
— валоризација на обврската за Студентскиот дом за постдипломци и докторанти во Скопје 712 828

Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука ќе се користат како учество на Републиката во финансирањето на инвестиционите програми

Член 4

Оваа одлука ќе ја извршува Републичкиот секретаријат за финансии, а според динамиката на приливот на средствата на Републичкиот буџет и во сообразност со обезбеденото учество од останатите учесници во финансирањето на програмите

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-817/1
13 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

201.

Врз основа на член 15 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ" број 5/90), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1990 ГОДИНА

1 Од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1990 година, во раздел 66, позиција 598, за учество на Републиката во изградба на водоводи во општините се распоредува износ од 5 400 000 динари и тоа за

— Општина Виница	300.000
— Општина Гевгелија	600.000
— Општина Гостивар	600.000
— Општина Делчево	300 000
— Општина Демир Хисар	400.000
— Општина Куманово	300.000
— Општина Радовиш	300.000
— Општина Ресен	300 000
— Град Скопје	600 000
— Општина Тетово	600 000
— Општина Титов Велес	600.000
— ХМС „Злетовица"	500 000

2 Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина до 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена

Средствата од став 1 на оваа одлука ќе се користат без обврска за враќање, а сразмерно на учеството на општината.

3. За спроведување на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договор со општините

4 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-703/1
29 март 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м р **Глигорие Гоговски,** с. р

202.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 5/90), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ" бр 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 44/89), во точка 2, на крајот точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „освен на општините Титов Велес и Штип, на кои средствата им се даваат со рок на враќање до 15 јуни 1990 година".

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр 23-837/1
13 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р

203.

Врз основа на член 68, став 3 од Законот за здравствена заштита на животните („Службен весник на СРМ" бр. 30/77, 39/77, 41/78, 28/87 и 51/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ТАКСАТА ЗА УВЕРЕНИЕТО ЗА ЗДРАВСТВЕНАТА СОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ И ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА ВЕТЕРИНАРНО-САНИТАРНИТЕ ИНСПЕКЦИСКИ ПРЕГЛЕДИ

1 Во Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствената состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи („Службен весник на СРМ" бр. 25/87, 21/89 и 39/89) во Тарифата за висината на таксата за уверението за здравствена состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи, во дел I се вршат следните изменувања и дополнувања.

Во точка 1 бројот „15.000" се заменува со бројот „25".

Во точка 2 бројот „6 000" се заменува со бројот „9".

Во точка 3 бројот „4 000" се заменува со бројот „6"

Во точка 4 бројот „2.000" се заменува со бројот „3".

Во точка 5 по зборот „овца" се додава зборот „и коза", а бројот „2 500" се заменува со бројот „5"

Во точка 6 по зборот „јагне" се додава зборот „и јаре", а бројот „2.000" се заменува со бројот „3".

Во точка 7 бројот „100" се заменува со бројот „0,20".

Во точка 8 пред зборот „пилиња" се додаваат зборовите „за секои 100", а бројот „5" се заменува со бројот „0,80".

Во точка 9 бројот „2 000“ се заменува со бројот „3“

Во точка 10 бројот „10 000“ се заменува со бројот „15“

Во точка 10-а бројот „1 000“ се заменува со бројот „2“.

Во точка 11 бројот „8 000“ се заменува со бројот „15“

Во точка 12 бројот „5 000“ се заменува со бројот „7“.

Во точка 13 бројот „100“ се заменува со бројот „0,20“.

Во точка 14 бројот „3 000“ се заменува со бројот „3,50“.

Во точка 15 бројот „3.500“ се заменува со бројот „4“

2 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“

Бр 23-758/1
13 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м р **Глигорие Гоговски,** с р.

204.

Врз основа на член 6 и член 24 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ“ бр 5/90), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА РАСПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА КАКО УЧЕСТВО ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЗИМСКИТЕ СПОРТСКО-РЕКРЕАТИВНИ ЦЕНТРИ

Член 1

Со оваа одлука се распределуваат средствата предвидени со Републичкиот буџет за 1990 година во раздел 66, позиција 601, како учество во финансирањето на Програмата за развој на зимските спортско-рекреативни центри по одделни корисници и намени во вкупен износ од 300 000,00 динари

Член 2

Средствата од член 1 на оваа одлука се распределуваат за реконструкција и модернизација на основните сместувачки објекти и инфраструктура на

1	Општествено претпријатие Хемиско-електрометалуршки комбинат „Југохром“ — Јегуновце, Производна единица „Попова шапка“	90 000,00
2	Општествено претпријатие „Преспатекст“ — Ресен, Деловна единица Туристичка населба „Отешево“	70 000,00
3	Туристичка агенција „Паластурист“ — Скопје, Работна единица Крушево	70.000,00
4	Кожарски комбинат „Гоце Делчев“ — Скопје, РЕ „Заре Лазаревски“ — Мавро во	70 000,00

Член 3

Оваа одлука ќе ја извршува Републичкиот секретаријат за финансии, а според динамиката на приливот на средствата на Републичкиот буџет во сообразност со обезбеденото учество од останатите учесници во финансирањето на изградбата реконструкцијата и опремувањето на објектите.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр 23-836/1
13 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

205.

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1990 година („Службен весник на СРМ“ број 5/90), а во врска со член 53 став 1 точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“ број 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1 Од средствата на Постојаната резерва на СР Македонија се дава позајмица во износ од 2 696 000,00 динари на следните општини

— Крушево	282 000,00 динари
— Кратово	287 000,00 динари
— Кичево	792 000,00 динари
— Кавадарци	704 000,00 динари
— Ресен	631 000,00 динари

2 Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат со рок на враќање до 15 јули 1990 година

3 За користењето и враќањето на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии

4 Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“

Бр 23-860/1
16 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с р

206.

Врз основа на точка 11 2 од Програмата на мерки на економската политика во 1990 година, а во врска со член 5 од Законот за обезбедување средства за делумно финансирање на програмите за заштита на социјално загрозеното население и на работниците за чија што работа престанува потребата поради преструктуирањето на стопанството („Службен лист на СФРЈ“, бр 34/89), Извршниот совет на Собранието на СРМ на седницата одржана на 6 април 1990 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОВТОРНО ВРАБОТУВАЊЕ И ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ДРУГИТЕ СО ЗАКОН УТВРДЕНИ ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ЧИЈА РАБОТА ПРЕСТАНУВА ПОТРЕБАТА ЗАРАДИ СТРУКТУРНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СТОПАНСТВОТО, ВО 1990 ГОДИНА

Новата концепција на општествено-економскиот развој заснована е на определбата социјалната политика и решавањето на социјалните проблеми да претставуваат интегрален дел на развојната и економската политика и резултатите во остварувањето на таа политика заснована на промените во стопанскиот систем насочени кон оспособување на стопанството за нов развој Спроведувањето на вака дефинираната социјална политика и нејзиниот понатамошен развој условува како неопходност на подолг временски период, создавање на економски претпоставки за нејзино успешно остварување.

Во услови на преструктуирање на стопанството и негово пазарно ориентирање неминовно ќе се јават поголеми осцилации во работното ангажирање на работниците, кои ќе имаат негативни социјални последици

Со веќе преземените мерки на економската политика како и нивното понатамошно доизградување, ќе се придонесе кон побрзо структурно прилагоду-

вање на стопанството, зголемување на неговата ефикасност и отварање на нови развојни програми, а како резултат на тоа ќе се овозможи продуктивно ангажирање на вишокот на вработените како и вработување на поголем број нови работници

Оптималните решенија за остварување на социјалната сигурност на работниците кои ќе останат без работа како технолошки вишок или поради ликвидација односно престанок со работа на организациите, претставуваат еден од позначајните услови за спроведувањето на социјалната политика и интензивниот стопански развој

Покрај тоа, високата стапка на постојната невработеност во Републиката уште повеќе ги усложнува состојбите и воедно претставува еден од најтешките проблеми во општествено-економскиот развој на СРМ

Овие состојби ја наметнуваат потребата од донесување на програма со која се предлагаат можности за решавање на статусот на работниците за чија работа престанала потребата во организациите

1. Состојби со невработеноста во Републиката

Во услови на неповолни стопански движења, намачени инвестициони вложувања проблемот на невработеноста и покрај преземените мерки во Републиката и натаму се заострува. Во текот на изминативе години беа преземени значителен број на конкретни мерки во смисла на што е можно поголем број на вработувања. Беше донесена Програма за мерки и активности за остварување на политиката за вработување во периодот од 1986 до 1990 година. Врз основа на неа, донесен е Закон за заем за вработување со кој е утврдена обврска за издвојување 2% од личните доходи на вработените, активните воени лица, работните луѓе што самостојно вршат дејност со личен труд и средства во сопственост на граѓаните, земјоделците, корисници на пензија и сл. Изменет беше и Законот за работните односи (член 98) со кој беа утврдени поповолни услови за стекнување со правото за одење во пензија. Покрај тоа, соодветен придонес за намалување на невработеноста овозможи и Законот за приправници, со кој беше утврдена обврска за задолжително примање на приправници

И покрај преземените мерки, во Републиката бројот на невработените лица се зголемува. На крајот на месец ноември 1989 година вкупниот број на невработени лица во Републиката изнесува 156 172. Ова во однос на истиот месец од претходната година претставува зголемување од 9,75%. Треба да се укаже дека на вака зголемената стапка на пораст на невработените лица, соодветно влијание имаше и воведувањето на стечајни постапки и ликвидација на одделни организации.

Во структурата на вкупниот број на невработените лица (156 172), околу 77,7% или 121 293 лица се на возраст помеѓу 18 и 30 години кои сеуште не заснивале прво вработување, односно за прв пат се јавуваат за работа.

По одделни степени на стручна подготовка состојбите се следни:

		%
— НК (неквалификувани)	60 391	38,67
— ПКВ (полуквалификувани)	16 837	10,78
— КВ и ВКВ (квал. и вис. квал.)	27 057	17,33
— ССО (сред. струч. образов.)	40 781	26,11
— ВШО (више школско образ.)	5 147	3,29
— ВШС (висока школска спр.)	5 959	3,82
Вкупно	156 172	100,00

Во вкупниот број на невработени, најзастапени се невработените лица со завршено економско училиште, гимназија и продавачи или околу 20 000 лица што претставува околу 50% од лицата пријавени како невработени со завршено средно стручно образование.

Ваквите состојби со невработеноста во Републиката како и престанувањето на Законот за приправници и членот 98 од Законот за работните односи, во услови на пазарно преструктуирање на стопанството во кои се јазува и технолошки вишок, значително се усложнуваат и можат да претставуваат посебен економски, социјален и политички проблем како и потенцијално негативно ограничување за реализацијата на политиката на структурното прилагодување на стопанството во услови на спроведувањето на реформата.

2. Општествени определби за решавање на правата на работниците за чија работа потребата престанала поради технолошки и други унапредувања (технолошки вишок)

Во услови на спроведувањето на стопанската реформа и пазарниот начин на стопанисување, ќе се отвори процесот за разоткривање и утврдување на прекумерниот број на вработени како технолошки вишок во стопанството и вонстопанските дејности во Републиката. Решавањето на проблемите со технолошкиот вишок односно обезбедувањето на социјалната сигурност на работниците кои ќе останат без работа, обврска е на стопанските субјекти како и на сите општествени субјекти во Републиката и Федерацијата кои во рамките на своите можности и надлежности ќе придонесат за создавање на услови за ублажување на последиците од нивното негативно влијание.

Во таа смисла со амандманот X (точка 13 од Уставот на СФРЈ), а го согласност со него и со Законот за основните права од работниот однос е предвидено дека на работникот не може да му престане работниот однос доколку со технолошки и други унапредувања со кои се придонесува за зголемување на продуктивноста на трудот и се зголемува успехот на организацијата, односно на работодавачот ќе престане потребата за негова работа додека не му се обезбеди друго работно место кое одговара на неговото знаење и способности односно работната способност или пак на друг начин не му се обезбеди остварување на едно од правата по основ на работа предвидени со Закон. Согласно Законот за основните права од работниот однос и Законот за работните односи, за разрешување на прашањето со технолошкиот вишок се предвидени следните можности:

— право на работа во друга организација односно кај работодавач врз основа на спогодба на надлежните органи на работно место кое одговара на неговото знаење и способности, односно работна способност,

— право на преквалификација или доквалификација за работа на работи на работно место во иста или во друга организација, односно кај друг работодавач во степенот на стручната подготовка на работникот, односно неговото знаење и способност,

— право на докуп на стаж најмногу до пет години пензиски стаж за исполнување на условите за остварување на право на старосна пензија,

— право на еднократен надомест во вид на испратнина, во височина од најмалку 24 просечни лични доходи на работниците во организацијата остварени во тримесечјето во кое се остварува правото на испратнина, ако писмено изјави дека сака да му престане работниот однос и дека со тие средства трајно го решава своето натамошно работно ангажирање, под услови и начинот утврден со Законот

— на работникот на кого не му е обезбедено едно од наведените права, има право на паричен надоместок најмалку во височина на загарантираниот личен доход, додека не се стекнат условите за остварување на тоа право, а најдолго до две години.

Покрај тоа, на работникот кој ќе остане без работа поради престанување со работа на организацијата и се пријавува во Заедницата за вработување, за време на примањето на паричниот надоместок да му се обезбеди пензиско и инвалидско осигурување во облик на продолжено осигурување.

3. Оценка на состојбите условени со преструктуирање на стопанството на Републиката

Во новите услови на стопанисување, процесот на прилагодување кон нив е подолгорочен што претпоставува подолг временски период кон целосно преминување на стопанските субјекти во новонастанатите услови. Таквиот процес подразбира

— престанување со работа на одреден број неефикасни субјекти во Републиката или одделни нивни делови, односно формирање на нови, перспективни и економски способни кои во новите услови рентабилно ќе работат, и

— утврдување на технолошкиот вишок на вработените во организациите што подразбира решавање на статусот на овие работници согласно законските решенија, и создавање на услови за поуспешно вклопување на организациите кон новиот модел на стопанисување

Според податоците на Службата на општественото книговодство со состојба на 28 февруари 1990 година 22 организации со 1 141 вработен имале непрекината неликвидност повеќе од 60 дена од што може да се претпостави дека за дел од нив ќе се поведе постапка за стечај и ликвидација. Со состојба на 15 март 1990 година постапка за стечај и ликвидација во Републиката се води за 11 организации со 569 вработени.

Бројот на работниците кои како технолошки вишок ќе се утврдува и согласно законските решенија ќе се разрешува како проблем, претпоставува негово утврдување во динамика во текот на цела 1990 година и наредните години

Со состојба на 5 март 1990 година извршено е аналитичко согледување за состојбите со технолошкиот вишок во организациите по одделни општини во Републиката. Вкупниот број што како технолошки вишок е утврден во Републиката изнесува 43 043 работници

— Решението на овој број работници, согласно Законот и конкретното аналитичко согледување, според глобални пресметки можно е и тоа за·

— 1 014 работници кои ќе се вработат во постојните организации, односно во други организации,

— 7 401 вработени кои со преквалификација, односно доквалификација ќе бидат производно ангажирани во својата или друга организација,

— 7 603 вработени кои со докуп на стаж ќе го исполнат условот за остварување на правото на старосна пензија;

— 2.451 вработени на кои треба да им се исплати испратнина во височина од најмалку 24 просечни лични доходи на работниците во организацијата остварени во тримесечието во кое се остварува правото на испратнина, со што трајно ќе го решат статусот на своето вработување;

— 20 141 вработени ќе останат како технолошки вишок во организациите и ќе се пријават во заедниците за вработување со што ќе се стекнат со право на паричен надоместок за време на привремената невработеност Покрај тоа, според член 77 од Законот, на 4.433 работника ќе им престане работниот однос поради поведување на постапка на стечај и ликвидација. Според тоа, вкупниот број на работници кои ќе се пријават во СИЗ за вработување би изнесувал 24 574 лица.

4. Утврдување на потребните средства и нивно обезбедување

1. Утврдување на средствата

Утврдувањето на потребните средства, по одделни намени се врши и тоа·

а) за тековни исплати

— за преквалификација, односно доквалификација (на 7.401 вработени) ќе бидат потребни 88.812.000 динари;

— за докуп на стаж (за 7.603 вработени) ќе бидат потребни 494.195 000 динари;

— за испратнина во еднократен износ од 24 просечни лични доходи на работниците во организацијата (на 2.451 вработени х 24 х 2 500 динари просечен личен доход остварен во стопанството на Републиката) ќе бидат потребни 147.060 000 динари;

— за паричен надоместок на лицата кои ќе се пријават во заедниците за вработување (24 574 лица х износ на загарантиран личен доход заедно со придонеси за здравствено и пензиско инвалидско осигурување од 1 434,16 динари х 8 месеци) ќе бидат потребни 281 944 382 динари.

По наведените основи вкупно потребните средства за 1990 година ќе изнесуваат 1 012 011 382 динари

б) за инвестициони програми

Основна определба на решавањето на проблемот на работниците за кои ќе престане потребата поради технолошки и други унапредувања треба да биде преку нивно повторно продуктивно вработување. При тоа треба да се имаат предвид сите расположиви можности за нивно повторно ангажирање што можат да се остварат преку зголемување на ефикасноста на постојните и воведување на нови програми во постојните или во други организации.

Овој процес ќе биде подолгорочен и ќе бара максимална заложба како на организациите така и на надлежните органи во општините и Републиката

Вкупниот износ на потребните средства за проширување и модернизација на постојните програми како и за новите развојни програми со кои ќе се овозможи повторно вработување на лицата на кои ќе им престане работниот однос, не е можно однапред да се утврдува иако во поголем број на организации во Републиката веќе се изготвени такви програми Исто така, не е можно да се утврди и бројот на работниците кои ќе бидат повторно ангажирани по овој основ. Ова од причини што постапката кај одделни организации е веќе извршена, а кај одделни треба да започне За тоа ќе бидат потребни средства како за изготвување на самите проекти така и за инвестиционите вложувања

Организациите кои ќе вработат работници кои во други организации се утврдени како технолошки вишок, ќе можат да користат средства во висина од најмалку 24 просечни лични доходи остварени во стопанството на Републиката во претходното тримесечие. За остварување на ова право се склучува спогодба помеѓу организацијата која ги вработува работниците и организацијата која ги утврдила како технолошки вишок. Средствата за оваа намена се обезбедуваат од организацијата во која се утврдени работниците како технолошки вишок и од републичките средства

2. Обезбедување на средствата

Потребните средства за остварување на Програмата ќе се обезбедуваат и тоа·

2 1 За преквалификација односно доквалификација (точка 4 подточка 1 под а) алинеја 1) од средствата на

– организациите, односно работодавачите,

— општинските резервни фондови;

— Републичкиот фонд за заеднички резерви;

— општинските СИЗ за вработување;

— Републичката СИЗ за вработување;

— Буџетот на Републиката и Буџетот на Федерацијата (републички средства).

Овие средства ќе се користат согласно општите акти на организациите и критериумите на општинските и Републичкиот фонд за заеднички резерви, на општинските и Републичката СИЗ за вработување и оваа програма.

Средствата за преквалификација, односно доквалификација ги обезбедува 50% организацијата, односно работодавачот, а 50% од другите извори утврдени во оваа точка.

2.2. За докуп на стаж (точка 4, подточка 1 под а) алинеја 2) од средствата на·

— организациите, односно работодавачите,

— републичките средства.

Потребните средства за оваа намена се обезбедуваат 40% од средствата на организацијата, односно работодавачот и 60% од републичките средства

2.3. За испратнина во еднократен износ од 24 просечни лични доходи на работниците остварени во организацијата во тримесечието во кое се остварува правото (точка 4, потточка 1 под а) алинеја 3) и точка 4, потточка 1 под б) од.

— организациите, односно работодавачите;

-- републичките средства

Средствата за оваа намена се обезбедуваат 40% од средствата на организацијата, односно работодавачот и 60% од републичките средства.

2.4 За паричен надоместок на лицата за кои ќе престане потребата за работа и ќе се евидентираат во СИЗ-от за вработување (точка 4, потточка 1 под а) алинеја 4) од

— средствата на Републичката СИЗ за вработување

Вкупно потребните средства за тековните исплати за 1990 година (од точка 2 1 до 2 4), во износ од 1 012 011 382 динари ги обезбедуваат

— организациите и работодавачите	300 908 000 дин
— општинските СИЗ за вработување	150 000 дин
— Републичката СИЗ за вработување	68 000.000 дин
— општинските резервни фондови	300 000 дин.
— Републички фонд за заеднички резерви	150 000 дин
— Буџетот на Републиката	78 000 000 дин.
Вкупно средства што ќе се обезбедат во Републиката	447.508.000 дин.
Недостаток на средства	564.503.382 дин.

Недостатокот на средствата за остварување на оваа програма за тековните исплати за 1990 година во износ од 564 503.382 динари, ќе треба да се обезбеди од Буџетот на Федерацијата.

2.5. За проширување и модернизација на постојните и за новите развојни програми (точка 4 потточка 1 под б) средствата ќе се обезбедуваат од:

— организациите;

— Републичкиот фонд за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените краишта;

— банкарски средства,

— други средства

Средствата за оваа намена ќе се обезбедуваат согласно критериумите утврдени од наведените субјекти од кои ќе се користат средствата.

За оваа намена во 1991 година ќе се користат и средствата од Буџетот на Федерацијата

5. Услови и начин на користење на републичките средства

Републичките средства се водат во Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика

Средствата се користат без обврска за враќање

Користењето на средствата се врши врз основа на барање на организацијата и програма за утврдување на технолошкиот вишок на вработените. Барањето заедно со Програмата се доставува до Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика.

Утврдувањето на технолошкиот вишок во Програмата се врши согласно критериумите утврдени во Законот за работните односи и решенијата содржани во оваа програма.

Заради тековно усогласување на правата утврдени со оваа програма и приливот на републичките средства кои се обезбедуваат по одделни квартали во текот на годината, републичките средства ќе ги користат организациите во кој е утврден технолошки вишок и во кои вкупниот број на вработените во организацијата изнесува 500 и повеќе работници.

Остварувањето на овие права ќе се усогласува и со обемот на републичките средства што ќе се обезбедат за оваа намена, а особено на делот што ќе се обезбеди од Буџетот на Федерацијата.

Доколку не се обезбедат доволно средства за остварување на Програмата, предимство при остварување на правата ќе се овозможи кај правото за докупување на стаж.

При користењето на републичките средства по одделни основи содржани во програмите, ќе биде потребно

1 За преквалификација

— организацијата да достави Одлука од Работничкиот совет за почетокот и времетраењето на преквалификацијата и бројот на вработените за кои ќе се врши преквалификација;

— при пресметувањето на средствата во својата Програма, организацијата ќе го зема личниот доход на вработените за кои се врши преквалификација, при што просечниот личен доход по работник да не го надминува просекот на стопанството на Републиката остварен во последните три месеци,

— делот од републичките средства (50%) да се пренесе на организацијата.

2. За докуп на стаж

— организацијата доставува список на работниците за кои треба да се докупува стаж и вкупно потребните средства за докуп на стажот на работниците усогласен со Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување;

— доказ дека соодветниот дел на средства организацијата го уплатила на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија,

— дел од републичките средства, Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика непосредно ги пренесува на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

3. За испратнина

— организацијата доставува список за бројот на работниците кои се согласиле да користат еднократен паричен надоместок — испратнина и износ на средствата потребни за остварување на ова право. Во прилог кон списокот се доставува и доказ од надлежниот орган на Собранието на општината за вршење на самостојна дејност, односно доказ да поседува земјоделски имот во лична сопственост или во сопственост на родителот;

— соодветен документ според кој работникот не ќе може да користи право по основ на невработеност во надлежната заедница за вработување во двојно повеќе месеци во однос на бројот на месеците за кои му е исплатена испратнина.

— по овој основ од републичките средства да се преведе на организацијата 60% од вкупниот износ на 24 просечни лични доходи во стопанството на Републиката, остварени во тримесечието во кое се остварува правото. Организацијата може од своите средства да исплати и повеќе од 40% од утврдениот износ, доколку тоа е предвидено со соодветниот акт на организацијата, усогласен со Законот

4. За испратнина кога работникот се вработува во друга организација

— организацијата во која работникот е утврден како технолошки вишок, доставува спогодба склучена со организацијата која го вработува работникот;

— средствата од 24 просечни лични доходи се обезбедуваат од средствата на организацијата во која работникот е утврден како технолошки вишок и од републичките средства во утврдениот сооднос согласно точка 4, потточка 2, под 2.3. и се преведуваат на организацијата која го вработила работникот;

— средства по овој основ нема да се уплатуваат на организации кои покажуваат перманентно загуба и неликвидност и кои не ќе бидат во можност рентабилно да работат.

6. Мерки за остварување на Програмата

1. Организациите во кои постои технолошки вишок на вработените, во согласност со своите програми за технолошки и други унапредувања, да донесат програми за вработување и обезбедување на со закон утврдените права на работниците за чија работа престанала потребата. При тоа, како основна определба треба да биде изнаоѓање на можности преку преквалификација и доквалификација за нивно повторно вработување, а во случаи кога тоа не можно со Програмата да се предвидат и другите со Закон утврдени права.

Со овие програми ќе се утврди бројот на вработените за кои ќе треба преквалификација, односно доквалификација и потребните средства за тоа бројот на вработените и потребните средства за кои треба да се врши докуп на стаж и за испратнина во еднократен износ од 24 просечни лични доходи остварени во стопанството на Републиката во тримесечието во кое се остварува правото.

НОСИТЕЛ: организациите
РОК постојано

2. Организациите во кои се јавува технолошки вишок, да ги согледаат можностите и доколку постојат услови за тоа, да изготват инвестициони програми за поцелосно искористување на производните капацитети како и реализација на нови програми со што ќе обезбедат економски оправдано вработување, вклучувајќи го и вработувањето на работниците кои се јавуваат како технолошки вишок.

НОСИТЕЛ: организациите
РОК: постојано

3. Извршните совети на собранијата на општините во соработка со заедниците за вработување да донесат програми за вработување на работниците кои ќе останат без работа поради стечај, односно ликвидација на организацијата или поради престанување на потребата за нивна работа заради преструктуирање на стопанството. Овие програми треба да овозможат со прераспоредување на работниците во други организации на подрачјето на општината, што помал број на работници да останат без работа и се пријават во заедниците за вработување.

НОСИТЕЛ: извршните совети на собранијата на општините и општинските заедници за вработување
РОК· прво полугодие 1990 година

4. Со политиката на вработувањето и системските решенија да се поттикнува регионалната подвижност на работната сила со што ќе се подобри вработеноста и ќе се прилагоди квалификационата структура на вработените кон новите услови на стопанисување.

НОСИТЕЛ: Републички комитет за труд, здравство и социјална политика и Републичката СИЗ за вработување
РОК: прво полугодие 1990 година

5. Да се покрене иницијатива за изменување и дополнување на Законот за основните права од работниот однос, со што да се измени решението во членот 21 став 1 точка 4, во смисла да за испратнината наместо просекот на организацијата се земе просекот на стопанството на Републиката.

НОСИТЕЛ· Републички комитет за труд, здравство и социјална политика
РОК: веднаш

6. Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика да преземе соодветни активности околу воведувањето на евиденцијата на работниците кои како технолошки вишок ќе бидат евидентирани во заедницата за вработување.

НОСИТЕЛ· Републички комитет за труд, здравство и социјална политика
РОК· веднаш

7. Спроведувањето на оваа програма ќе го врши Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика и ќе презема соодветни мерки за нејзино остварување. Редовно ќе го информира Извршниот совет за состојбите со остварувањето на Програмата и мерките што треба да ги преземе Советот.

НОСИТЕЛ· Републички комитет за труд, здравство и социјална политика
РОК: постојано

8. Оваа програма ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 23-733/1
6 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

П Р Е Г Л Е Д
НА ИСКАЖАНИОТ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК ВО РЕПУБЛИКАТА СПОРЕД ЧЛЕН 21 ОД ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА ОД РАБОТНИОТ ОДНОС, КАКО И СПОРЕД ЧЛЕН 77 КАКО ЕКОНОМСКИ ВИШОК

Ред. Бр.	Општина	
1.	Струга	2.500
2.	Чаир	435
3.	Кратово	250
4.	Охрид	575
5.	Гевгелија	74
6.	Штип	2.155
7.	Карпош	767
8.	Битола	1.752
9.	Брод Македонски	154
10.	Ресен	487
11.	Т Велес	1.259
12.	Радовиш	156
13.	Кр. Паланка	500
14.	Прилеп	3.546
15.	Крушево	203
16	Струмица	3.040
17.	Дебар	555
18	Берово	502
19.	Центар	3.939
20.	Гостивар	941
21.	К. Вода	2.100
22.	Куманово	2.956
23	Тетово	644
24.	Кавадарци	612
25.	Демир Хисар	нема
26.	Неготино	549
27.	Гази Баба	7.775
28.	Кичево	471
29.	Валандово	35
30.	Св. Николе	810
31.	Пробиштип	371
32.	Виница	нема
33.	Делчево	1.930
34.	Кочани	нема
	ВКУПНО	43.043

207.

Врз основа на член 229 став 1 алинеја 4 од Деловникот на Собранието на Социјалистичка Република Македонија и член 26 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите што ги избира и именува Собранието на СРМ и Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на носителите на правосудните функции што ги избира и именува Собранието на СРМ и функционерите и раководните работници во стручните служби на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ број 24/85, 39/86, 32/87 и 38/89), Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на седницата одржана на 3 април 1990 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗНОСОТ НА ДНЕВНИЦАТА НА ДЕЛЕГАТИТЕ ВО СОБРАНИЕТО НА СРМ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ ШТО ГИ ИЗБИРА И ИМЕНУВА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Износот на дневницата на делегатите во Собранието на СРМ за деновите поминати надвор од местото на престојување поради учество во работата на Собранието на СРМ, неговите собори и работни тела, нивните претседатели или на претседателот на Собранието на СРМ и претседателите на соборите изнесува 140,00 динари во Републиката, а 160,00 динари надвор од Републиката.

2. Износот на дневницата за службени патувања на функционерите што ги избира и именува Собранието на СРМ и на раководните работници што ги назначува Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на СРМ изнесува 140,00 динари во Републиката, а 160,00 динари надвор од Републиката.

3. Доколку на службеното патување имаат трошоци за ноќевање, по приложена сметка, се признаваат во целост трошоците за сместување, освен за хотел од „де лукс“ категорија.

4 Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 10-764/1 од 28 февруари 1990 година.

5 Оваа одлука влегува во сила од 3 април 1990 година

Бр 10-1212/1
1 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за прашања на изборите
и именувањата,
Томе Дракулевски, с р.

208.

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 43/86, 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87, 6/88, 5/89, 38/89), и Заклучокот на Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор број 10—80 од 2 април 1990 година, Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија изнесува и тоа:

— 160,00 динари за службено патување надвор од Републиката;

— 140,00 динари за службено патување во Републиката.

2 Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоците за ноќевање во полн износ, врз основа на приложена сметка, со исклучок на хотел „де лукс“ категорија

3 Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-489/1 од 1 март 1990 година

4 Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр 17-792/1
7 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

209.

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на Управата („Службен весник на СРМ“ број 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87, 6/88 5/89 и 38/89) и Заклучокот на Комисијата за следење на спроведувањето на Општествениот договор, број 10/80 од 2 април 1990 година, Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1 Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 800,00 динари месечно

2 Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-488/1 од 1 март 1990 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 април 1990 година

Бр. 17-793/1
7 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања,
д-р **Тито Беличанец,** с. р.

210.

Врз основа на член 9, став 3 од Законот за цивилните инвалиди од војната („Службен весник на СРМ“ бр. 33/76, 25/79, 11/81, 4/85 и 12/89), претседателот на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика донесува

НАРЕДБА
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИОТ ИЗНОС НА ВИСИНАТА НА ЦИВИЛНАТА ИНВАЛИДНИНА НА ЦИВИЛНИТЕ ИНВАЛИДИ ОД ВОЈНАТА

1. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците април, мај и јуни 1990 година се определуваат од основата која се утврдува во висината на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во претходното тримесечје, од 2.500,00 динари и изнесуваат

I група	1.250,00 динари
II група	1.000,00 динари
III група	800,00 динари
IV група	625,00 динари
V група	500,00 динари

Износите на цивилните инвалиднини од точка 1 на оваа наредба ќе бидат усогласени по утврдувањето на оствареният просечен месечен чист личен доход во Републиката во периодот јануари — март 1990 година, објавен од страна на Републичкиот завод за статистика.

2. Месечните износи на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната за месеците јануари, февруари и март 1990 година конечно се определуваат од основата која се утврдува во висина на просечниот чист личен доход остварен во Републиката во периодот октомври — декември 1989 година, од 1.567,00 динари и изнесуваат:

I група	783,50 динари
II група	626,80 динари
III група	501,45 динари
IV група	391,75 динари
V група	313,40 динари

3. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр 11-1870
9 април 1990 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

211.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 7 февруари 1990 година, донесе

ОДЛУКА

1 СЕ УКИНУВААТ

а) Табеларниот дел за вреднување на работите и работните задачи, составен дел на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесен од работниците во Медицинскиот центар во Дебар, со референдум одржан на 29 јули 1987 година; и

б) член 1 став 2 од измените на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесени од работниците во означениот центар, со референдум одржан на 30 јануари 1989 година.

2. СЕ ОДБИВА предлогот на Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на Општина Дебар за оценување уставноста и законитоста на:

а) член 1 став 1 алинеја 1 од измените на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесени од работниците во означениот центар, со референдум одржан на 30 јануари 1989 година,

б) член 1 став 1 точка 4 и член 2 став 2 од дополнувањата на Правилникот за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, донесени од работниците во означениот центар, со референдум одржан на 30 јануари 1989 година;

в) точка I од Одлуката за надомест на личниот доход за раководење, приправност и продолжена работа, составен дел на Правилникот за распределба на средствата за лични доходи, означен во точката 1 под а) од оваа одлука

3 Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означениот медицински центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

4 Општинскиот општествен правобранител на самоуправувањето на општина Дебар, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точките 1 и 2 од оваа одлука, за чија оценка е поднесена и иницијатива од група вработени, затоа што не биле во согласност со Уставот и биле во спротивност со Законот.

5. На седницата Судот утврди дека во оспорениот Табеларен преглед, означен во точката 1 под а) од оваа одлука, вреднувањето на работите и работните задачи се врши во вкупен износ, а не по секој од основите утврдени во член 8 од Правилникот за распределба на средствата за лични доходи.

Според член 23 од Уставот на СР Македонија работниците во основната организација ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Со оглед на тоа што во оспорениот Табеларен преглед не се утврдени мерила по секој од предвидените основи, туку се изразени во вкупен износ, Судот утврди дека тој не е во согласност со означената уставна одредба

6 На седницата Судот утврди дека во член 1 став 2 од актот означен во точката 1 под б) од оваа одлука распределбата на средствата за лични доходи по основ минат труд се врши така што во последните 5 години од работниот стаж се зголемува за определен процент

Според член 22 од Уставот на СР Македонија распределбата на средствата за лични доходи се врши според резултатите на секој работник и според неговиот личен придонес што со својот тековен и минат труд го дал во зголемувањето на доходот на основната организација.

Со оглед на тоа што во оспорениот член личниот доход на работниците се зголемува само поради заминувањето во пензија, независно од вложениот труд и резултатите од трудот, и што на тој начин двојно се вреднува минатиот труд, Судот утврди дека тој не е во согласност со означената уставна одредба

7. Понатаму, Судот утврди дека со член 1 став 1 алинеја 1 од измените на Правилникот означен во точката 2 под а) од оваа одлука се врши измена на член 19 од Правилникот и се предвидува за првите пет години работен стаж да не се добива личен доход по основ на минат труд.

Од член 22 и 23 од Уставот на СР Македонија произлегува дека е самоуправно право на работниците да го предвидат и вреднуваат минатиот труд како основ за распределба на средствата за лични доходи, а во тие рамки и условите под кои ќе се врши распределбата.

Со оглед на изнесеното, Судот смета дека не може да се постави прашањето за согласноста на оспорената одредба со член 22 и 23 од Уставот на СР Македонија.

8. Исто така, Судот на седницата утврди дека во член 1 став 1 точка 4 од актот означен во точката 2 под б) од оваа одлука се предвидени случаите кога работниците имаат право на зголемен личен доход по основ на уредност во работата, при што, покрај другите, во точката 4 е предвиден основот редовно и уредно одржување на потребната чистота на работното место и одделение

Тргнувајќи од член 23 од Уставот на СР Македонија, Судот смета дека е самоуправно право на работниците да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, а во тие рамки да ја утврдат и уредноста на работата како основ за распределба на средствата за лични доходи, поради што не може да се постави прашањето за согласноста на означената одредба со член 23 од Уставот на СР Македонија.

9 Понатаму, Судот утврди дека во член 2 став 2 од актот означен во точката 2 под б) од оваа одлука е предвидено решение за намалување на личниот доход по основот уредност во работата да донесува директорот на Центарот или од него овластено лице

Според член 49 став 4 од Законот за основните права од работниот однос („Службен лист на СФРЈ" бр. 60/89) за придонесот на работникот во работата одлучува работоводниот орган или работникот со посебни овластувања и одговорности во согласност со општ акт.

Со оглед на тоа што во оспорениот член 2 став 2 од оспорениот акт е предвидено за придонесот на работникот во работата да одлучува работоводниот орган или од него овластено лице, Судот смета дека не може да се постави прашањето за неговата спротивност со член 9 став 4 од Законот за основните права од работниот однос

10 Исто така, Судот утврди дека одлуката означена во точката 2 под в) од оваа одлука е составен дел на Правилникот за распределба на средствата за лични доходи и дека во точка I е предвидено по основот раководење работниците со посебни овластувања и одговорности добиваат посебен надоместок.

Во рамките на самоуправното право на работниците да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, Судот смета дека нивно право е да утврдат и одреден број на бодови за раководење

Со оглед на тоа што оспорената одлука е составен дел на Правилникот за распределба на средствата за лични доходи и што во неа е утврден определен процент за раководење, Судот смета дека не може да се постави прашањето за неговата согласност со означените уставни одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точките 1 и 2 од оваа одлука.

У. бр. 110/89
7 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р

212.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 14 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ ОДБИВА предлогот за оценување уставноста и законитоста на член 87 од Статутот на Центарот за рехабилитација и образование „Македонија" во Скопје, донесен со референдум на 30 август 1984 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во означениот центар на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје, со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од Статутот означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што со неа се определува работното искуство како посебен услов за именување на директор на центарот да било стекнато само во областа на рехабилитацијата, а не и во другите области, што не било во согласност со уставните начела на еднаквоста и достапноста на секое работно место и функција во општеството на секого под еднакви услови.

4. На седницата Судот утврди дека во член 87 од Статутот е предвидено за директор на Центарот да биде именувано лице кое, покрај општите услови пропишани со закон, треба да има завршено соодветна група на образование на наставници на факултет, висока школа или уметничка академија, да се здобило со педагошко-психолошка и методска подготовка, и да има специјална образовна-дефектолошка подготовка за работа во специјално образование, најмалку 5 години работно искуство во областа на рехабилитацијата и образованието и да се истакнува со својата педагошка работа и организаторски способности

5. Во Оддел II став 3 алинеја 6 од Уставот на СР Македонија е утврдено дека неприкосновената основа на положбата на човекот ја сочинува, меѓу другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, а во член 210 став 3 од Уставот е предвидено дека на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството.

Според член 122 од Уставот со закон можат да се пропишат посебни услови и начин за именување и разрешување и посебни права и должности на работоводниот орган во организациите на здружениот труд што вршат дејност односно работи од посебен општествен интерес. Согласно член 6 од Законот за насочено образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85 и 29/89) дејноста на организациите за насочено образование е од посебен општествен интерес, а според член 256 од истиот закон за индивидуален работоводен орган во училиштето за средно образование и ученичките домови може да биде именувано лице што ги исполнува условите за наставник во организацијата за средно образование и се истакнува со својата педагошка работа и организациски способности утврдени со самоуправниот општ акт на училиштето Наставници во средното образование и за ученици со пречки во психофизичкиот развој, согласно ставовите 2 и 3 на член 147 од Законот, можат да бидат лица кои, покрај општите услови за наставник во средно образование, имаат и специјална педагошка подготовка за таа дејност

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека посебните услови за именување на индивидуален работоводен орган во училиштата за средно образование, во однос на видот и степенот на стручната подготовка се утврдени со Законот за насоченото образование, заедно со обврската работниците со самоуправниот општ акт поблиску да ги определат критериумите за утврдување на организаторските способности на кандидатите и педагошкото искуство во работењето, кое, со оглед на дејноста, може да се изразува и преку работното искуство во оваа област на образовната дејност.

Според мислењето на Судот, со предвидувањето работното искуство за именување на индивидуален работоводен орган во Центарот за рехабилитација и образование „Македонија" во Скопје да е стекнато во областа на рехабилитацијата и образованието, не се повредува уставното начело на еднаквоста и не се ограничува достапноста на тоа работно место и функција, затоа што со вака утврдениот посебен

услов се опфаќаат сите кои според Законот можат да бидат наставници во училиштата за ученици со пречки во психофизичкиот развој

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека оспореният член 87 од Статутот не е во несогласност односно не е во спротивност со означените уставни и законски одредби и одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 210/89
14 март 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р

213.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 21 февруари 1990 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 6 и 19 од Правилникот за решавање на станбените потреби на работниците во Економско-правното училиште „Борис Кидрич“ во Скопје, донесен со референдум на 20 септември 1988 година

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3 Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена иницијатива, со решение У. бр. 138/89 од 22 декември 1989 година поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што со членот 6 се исклучува од распределбата на становите работник што сам се довел во неповолна станбена состојба, а со членот 19 не се определени објективизирани мерила за утврдување работниот придонес на работникот, поради што се поставипрашањето за нивната согласност односно спротивност со Уставот и законот.

4. На седницата Судот утврди дека во членот 6 од Правилникот меѓу другото, е предвидено станбеното прашање да не може да му се решава на работникот кој три години пред распишување на конкурсот самиот се довел во ситуација да не му е решено станбеното прашање односно да го отуѓил или продал сопствениот стан.

Согласно член 214 став 1 од Уставот на СР Македонија на граѓанинот му е загарантирано правото да стекнува станарско право на стан во општествена сопственост, со кое му се обезбедува, под услови определени со закон, трајно да користи стан во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните станбени потреби. Според член 42 од Законот за станбените односи — пречистен текст („Службен весник на СРМ“ бр. 48/88), давателот на станот на користење односно работниците во основната организација со самоуправен општ акт ги утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенство за добивање станови на користење во општествена сопственост.

Од оспорениот член 6 на Правилникот произлегува дека работникот кој го продал или на друг начин го отуѓил сопствениот стан односно сам се довел во положба да не му е решено станбеното прашање, се исклучува од правото да учествува во распределбата на становите На овој начин, според мислењето на Судот, работникот се доведува во не еднаква положба во однос на другите работници од гледиште на можноста да се пријави за решавање на неговото станбено прашање и стекнување станарско право на стан во општествена сопственост, затоа што се додека се наоѓа на работа работникот придонесува во создавањето на средствата за неговата изградба, како и другите работници Околноста што работникот сам се довел во неповолна станбена положба, според мислењето на Судот, може да биде само причина да му се вреднува претходната, а не постојната станбена состојба. Поради тоа, Судот оцени дека членот 6 од Правилникот не е во согласност со начелото на еднаквост предвидено во Оддел II алинеја 9 од Основните начела на Уставот, како и со членот 214 став 1 од Уставот.

5 Понатаму, Судот утврди дека во членот 19 од Правилчикот вреднувањето на работниот придонес се врши со утврдени бодови во распон, во зависност од тоа дали работникот особено се истакнува, се истакнува или задоволува во работењето

Согласно член 13 од Уставот на СР Македонија трудот и резултатите од трудот ја определуваат материјалната и општествената положба на човекот врз основа на еднакви права и одговорности, а според членот 135 став 2 од Законот за здружениот труд за остварување на поединечните права, обврки и одговорности одлучува работничкиот совет или комисија која тој ќе ја формира.

Имајќи ги предвид овие уставни и законски одредби, како и тоа што во членот 19 од Правилникот не се утврдени објективизирани мерила за вреднување на придонесот на работникот во работата, ниту пак, е предвиден орган кој ќе врши оценка на неговиот придонес, Судот утврди дека тој не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 138/89
21 февруари 1990 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
м-р **Јордан Арсов**, с. р.

ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

122.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола („Службен гласник на општината Битола“ бр. 16/84), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 21 февруари 1990 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ И ПАУШАЛНИТЕ ИЗНОСИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита на земјоделците во општината Битола за 1990 година се определуваат и тоа:

1. За осигурениците — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) се плаќа:

а) по стапка од 22% на катастарски приходи:

2. За осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност се плаќа

а) по 40,00 динари за семејство ако домаќинството е задолжено со придонес на катастарски приход,

б) по 200,00 динари за семејство, ако домаќинството не е задолжено со придонес на катастарски приход

3. За секој член, односно осигурено лице од точката 1 и 2 на оваа одлука, по 400,00 динари паушал

Член 2

Придонесите што ќе се наплатат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствената заштита и тоа:

1 за задолжителни видови — 75%;

2 за правата што самостојно ги утврдува Заедницата и за другите права од здравствената заштита на земјоделците — 25%

Член 3

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02 1839/12 од 26 XII. 1988 година.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр 02-238/5
21 февруари 1990 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги земјоделци
Претседател,
Менде Симоновски, с. р

Собор на делегати даватели на услуги
Претседател,
Василка Размова, с. р.

Собрание на ОЗЗЗО — Битола
Претседател,
Бранко Поповски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

123.

Врз основа на член 160 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кичево, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 29 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1990 година („Службен весник на СРМ" бр. 1/90) во член 1 стапката „9 8%" се заменува со стапката „9%", во алинејата 1 стапката „4,6%" се заменува со стапката „4,2%" и во алинејата 2 стапката „5,2%" се заменува со стапката „4,8%".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 април 1990 година, односно не се однесува на исплатата на личниот доход заклучно со месец март 1990 година

Бр. 02-1153/16
29 март 1990 година
Кичево

Претседател на Собранието,
д-р **Петре Попоски,** с. р.

Претседател на Соборот на корисници на услуги — работници,
Боге Петрески, с р.

Претседател на Соборот на даватели на услуги,
Ване Наумоски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КРИВА ПАЛАНКА

124.

Врз основа на член 26 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, на седницата одржана на 23 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на предучилишното воспитание и образование и општествена заштита на децата во 1990 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од стопанство и нестопанство, по стапка од 1,15%;

2. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,10%;

3. придонес од личен доход од самостојна дејност по стапка од 1,00%;

4. придонес од личен доход од професионална дејност, по стапка од 1,00%.

Член 2

Стапките на придонесите од личен доход за финансирање на основното воспитание и образование во 1990 година се утврдуваат и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанство и нестопанство, по стапка од 5,50%;

2. придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 1,50%;

3. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и професионална дејност, по стапка од 6,00%

Член 3

Одлуката влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и истата ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-43
23 март 1990 година
Крива Паланка

Претседател,
Дончо Стефановски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА — КРИВА ПАЛАНКА

125.

Врз основа на член 27 од Статутот на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика, на седницата одржана на 26 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ОСИЗ НА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА КРИВА ПАЛАНКА ЗА ДЕЈНОСТА КУЛТУРА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината и начинот на обезбедувањето на средства на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика за дејноста култура

Член 2

Средствата се обезбедуваат од придонес од доходот на основните организации на здружен труд, придонес од личен доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност и придонес од личен доход од самостојна стопанска и нестопанска дејност

Член 3

Обврзници на придонесот од доходот се основните организации и на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр 14/77 и 18/80) во областа на дејноста од 01 до 11

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 4

Основицата за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход претставува остварениот доход валоризиран со процент на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката (член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на ОЗТ).

Член 5

Обврзниците од член 3 став 1 од оваа одлука придонесот од доходот ќе го плаќаат по стапка од 0,60%

Обврзниците од член 3 став 2 од оваа одлука придонесот од личен доход ќе го плаќаат, по стапка од 0,55%

Член 6

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на

— земјоделска дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 0,05% на катастарски доход;

— самостојна стопанска и професионална дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 1% на остварениот доход;

— стопанските и професионалните дејности кои се оданочуваат во паушален износ ќе плаќаат придонес, по стапка од 6% од износот.

Член 7

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесите од доход и личен доход ќе се применуваат одредбите од Законот за данок од доходот и Законот за даноците на граѓаните

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

Бр- 08-27
26 март 1990 година
Крива Паланка

Претседател,
Благој Николовски, с. р.

126.

Врз основа на член 27 од Статутот на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика, на седницата одржана на 26 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО НА СРЕДСТВАТА НА ОСИЗ ЗА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМАТИКА КРИВА ПАЛАНКА ЗА ДЕЈНОСТА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ на култура, физичка култура и информатика за дејноста физичка култура

Член 2

Средствата се обезбедуваат од придонес од доходот на основните организации на здружен труд, придонес од личен доход од работен однос, придонес од личен доход од земјоделска дејност и придонес од личен доход од самостојна стопанска и нестопанска дејност

Член 3

Обврзниците на придонесот од доходот се основните организации на здружен труд од стопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ бр 14/77 и 18/80) во областа на дејноста од 01 до 11.

Обврзници на придонесот од личен доход се работниците кои остваруваат личен доход од работен однос од нестопанството распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и вонстопанските дејности, во областа на дејностите од 12 до 14.

Член 4

Основицата за пресметување на придонесот од доходот на ОЗТ претставува остварениот доход

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот претставува остварениот доход валоризиран со процент на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката

Член 5

Обврзниците од членот 3 став 1 од оваа одлука придонесот од доходот ќе го плаќаат, по стапка од 0,20%;

Обврзниците од членот 3 став 2 од оваа одлука придонесот од личен доход ќе го плаќаат, по стапка од 0,20%.

Член 6

Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на

— земјоделска дејност ќе плаќат придонес, по стапка 0,10% на катастарски доход;

— самостојна стопанска и професионална дејност ќе плаќаат придонес, по стапка 1% на остварениот доход,

— стопанските и професионалните дејности кои се оданочуваат во паушален износ ќе плаќаат придонес, по стапка од 6% од износот на данокот

Член 7

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареност и присилната наплата на придонесите од доход и личен доход ќе се применуваат одредбите од Законот за данок од доход и Законот за даноците на граѓаните.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр. 08-28
26 март 1990 година
Крива Паланка

Претседател,
Благој Николовски, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КУМАНОВО

127.

Врз основа на член 14 и 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/86) и член 15 став 1, точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за социјална заштита — Куманово, Собранието на Општинската СИЗ за социјална заштита — Куманово, на седницата одржана на 31 јануари 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на организациите на здружен труд и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Општинската СИЗ за социјална заштита — Куманово.

Член 2

Висината на придонесот од доход на ОЗТ изнесува 0,46% на остварен доход.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на ОЗТ претставува оствареният доход од предходната периодична пресметка односно завршна сметка валоризирана со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

Обврзниците на придонесот од доходот за социјална заштита се организациите на здружен труд и другите корисници на општествените средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ“ број 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 1 до 11.

Член 3

Средствата што ќе се остварат, по стапка од 0,46% од доходот на ОЗТ, од член 2 од оваа одлука, се наменуваат за.

— 0,38% основните права од социјална заштита — постојана парична помош и домска заштита и

— 0,08% за други права од социјална заштита.

Член 4

Работниците што остваруваат личен доход од работен однос освен работниците и вработените кај обврзниците од областа на дејностите од 1 до 11, плаќаат придонес на Општинската СИЗ за социјална заштита — Куманово, од личен доход од работен однос, по стапка 0,40%

Член 5

Висината на придонесот од земјоделска дејност за социјална заштита изнесува 0,30% од катастарски приход од земјоделци.

Член 6

Висината на придонесот за социјална заштита за самостојно вршење на стопанска и професионална дејност изнесува 1,50% од вистинскиот доход утврден од страна на органот на Управата за приходи.

Член 7

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на ОЗТ, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на придонесите на Општинската СИЗ за социјална заштита на општина Куманово, за 1989 година број 03-62/2 од 30 мај 1989 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-9/1
31 јануари 1990 година
Куманово

Претседател,
Станче Младеновиќ, с р

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КУМАНОВО

128.

Врз основа на член 147 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги одржана на 25 јануари 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА ПРИВРЕМЕНО НЕВРАБОТЕНИ, ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определува стапка на придонесот за здравствена заштита на лица привремено невработени, а се корисници на здравствена заштита, и тоа.

— за лица привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната Заедница за вработување, а примаат материјално обезбедување и за лица привремено невработени додека се пријавуваат на надлежната заедница за вработување, Општинската заедница за вработување е должна да обезбеди средства во висина од 12% од вкупно остварен приход на Заедницата и истиот ќе се наплатува месечно.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр. 03--141/1
25 јануари 1990 година
Куманово

Претседател,
Јордан Спасовски, с р.

129.

Врз основа на член 103 и 105 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр 10/83), и член 147 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 25 јануари 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ, ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1990 година се утврдува во висина од 11,00% во која се содржани

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителни видови на здравствена заштита од 6,60%,

— стапката на придонесот за обезбедување на правата од здравствена заштита што самостојно ја утврдува Заедницата 4,40%.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за здравствена заштита се зема остварениот личен доход на работниците, со тоа што стапката од 9,5% се пресметува од бруто личниот доход, а разликата од 1,5% претворена во нето стапка се пресметува на чистиот личен доход

Член 3

Стапката на придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести, се утврдува во висина од 0,50%

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставува

— кај обврзниците кои формираат доход — остварен доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход — бруто личен доход и други примања

За лицата кои работат по договор за дело, ќе се плаќа придонес за здравствена заштита за случај на несреќа на работа, по стапка од 1% на исплатен надоместок.

Член 4

Работните луѓе што вршат занаетчиска, угостителска и друга дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост и работните луѓе кои со личен труд самостојно во вид на занимање вршат професионални дејности, должни се да плаќаат придонес за здравствена заштита, и тоа.

— лица кои уплатуваат придонес од вистински доход, ќе плаќаат придонес во висина од 11,50% од утврдена основица

Член 5

Придонес за здравствена заштита на корисници на пензија, Републичката СИЗ на пензиско и инвалидско осигурување го плаќа по стапка што одговара на нето стапка претворена во бруто стапка од член 1, став 1 на оваа одлука

Член 6

Посебен придонес за користење на здравствена заштита во странство за работници испратени во странство од основните организации на здружен труд, деташирани работници, се определува, по стапка од 20% од утврдена основица, што ја претставува:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација исплатен во претходниот пресметковен период или завршна сметка кога е испратен во странство,

— за работници кои не остариле личен доход во претходниот пресметковен период или завршна сметка како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во категоризација што ја има деташираниот работник

Основицата од претходниот став во текот на годината се применува како аконтација

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени за просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината кога деташирањето е извршено според претходниот пресметковен период или завршна сметка

Член 7

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Закон, Статутот, оваа одлука и други општи акти на Заедницата

Член 8

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката бр 03-2048 од 22 декември 1988 година објавена во „Службен весник на СРМ" бр 10/89 и Одлуката бр 03-1927/1 од 9 ноември 1989 година

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр 03-136/1
25 јануари 1990 година
Куманово

Претседател,
Јордан Спасовски, с. р.

130.

Врз основа на член 103 став 3 и член 106 став 4 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр 10/83) и член 148 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите земјоделци — корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 25 јануари 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ВИСИНА НА СТАПКИТЕ И ИЗНОСОТ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките и износите на придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци на подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово

Член 2

Корисници — земјоделци ги плаќаат следните придонеси за здравствена заштита

1 — за корисници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) плаќаат

а) по стапка од 14% од катастарски приход,

б) по 100,00 динари годишно за секој член на семејството

2 — за корисници — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност, се плаќа по 200,00 динари по семејство

Член 3

Средствата што ќе се остварат од придонес за здравствена заштита на земјоделците се распоредуваат

— 60% за задолжителни видови на здравствена заштита;

— 40% за правата од здравствена заштита што самостојно ги утврдува Заедницата

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето на согласност на Собранието на општина Куманово, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година. Истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр 03-137/1
25 јануари 1990 година
Куманово

Претседател,
Јордан Спасовски, с р

131.

Врз основа на член 147 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите работници — корисници на услуги одржана на 25 јануари 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат износите на придонесите за здравствена заштита на одделни категории лица вон работен однос, а се корисници на здравствена заштита

Член 2

Придонесите за здравствена заштита за одделни категории лица — корисници на здравствена заштита вон работен однос се плаќа и тоа

1. за лицата кои немаат својство на корисници на здравствена заштита, а кои се пријавени на задолжителни видови на здравствена заштита на општина Куманово, во износ од 50,00 динари,

За лицата кои немаат својство на корисници на здравствена заштита, кои покрај задолжителни видови на здравствена заштита се пријавени од општината да користат и други права од здравствена заштита, во износ од 70,00 динари,

2 за лицата на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и странство кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 60,00 динари,

3 за лицата кои организацијата пред засновање на работен однос ќе ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 60,00 динари,

4 за лицата корисници на основните права на социјална заштита според посебни прописи, во износ од 70,00 динари,

5 за брачниот другар на умрениот корисник — работник или со него изедначено лице од член 30 од Законот за здравствена заштита, во износ од 75,00 динари

Член 3

Во месечни износи се плаќаат и придонесите во случај повреда на работа и заболување од професионални болести за

1 учениците во средното насочено образование и студентите на вишото и високото образование за времетраење на практичната работа во врска со наставата, во износ од 20,00 динари,

2 лицата кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за пензиско и инвалидско осигурување се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 20,00 динари,

3 лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 20,00 динари;

4 лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијална одбрана и цивилна заштита, за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 20,00 динари,

5 лицата кои работат помалку од половина од полно работно време, во износ од 20,00 динари,

6 лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување, преквалификација што ги организира и упатува Заедницата за вработување, како и лицата на професионална рехабилитација или школување во соодветни ОЗТ, во износ од 20,00 динари;

7 лицата учесници во активностите при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарна заштита, во износ од 20,00 динари,

8 лицата кои се прогласени за врвни спортисти, во износ од 20,00 динари;

9 лицата кои по барање на надлежните органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи на вршење на нивните должности за време на укажување на таква помош според соодветни прописи, во износ од 20,00 динари,

10 лицата кои вршат повремени и привремени работи по основ на договор, во износ од 10,00 динари,

11. лицата кои учествуваат во спортски натпревари организирани од самоуправни организации и заедници, општествено-политички, спортски и други организации, во износ од 20,00 динари

Член 4

Придонесите од член 2 и член 3 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време пократко од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр 03-139/1
25 јануари 1990 година
Куманово

Претседател,
Јордан Спасовски, с р

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА, ТЕХНИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМИРАЊЕ — КУМАНОВО

132.

Согласно член 36 точка 7 од Статутот на Општинската СИЗ на култура, физичка култура, техничка култура и информирање — Куманово, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 13 февруари 1990 година донесе

О Д Л У К А

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА ОСИЗ НА КУЛТУРА, ФИЗИЧКА КУЛТУРА, ТЕХНИЧКА КУЛТУРА И ИНФОРМИРАЊЕ — КУМАНОВО ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ на култура физичка култура, техничка култура и информирање за 1990 година

Член 2

Стапките на придонеси изнесуваат

1 придонес од доход на ООЗТ (стопанство) 1,8%,

2 придонес од личен доход од работен однос (нестопанство) 2,0%,

3 придонес од личен доход од вршење земјоделска дејност 1,2%,

4 придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска и нестопанска дејност 4%

Член 3

Основица за пресметување на придонесот од доход на ОЗТ претставува остварениот доход

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доход на ОЗТ претставува остварениот доход од претходната периодична пресметка, односно Завршна сметка валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на ОЗТ

Член 4

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доход, ќе се применуваат соодветни одредби од Законот за данокот на ОЗТ, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данок на граѓаните

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висина на стапки на придонеси за 1989 година бр 09-139/1 од 16 мај 1989 година

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр. 08-25
13 февруари 1990 година
Куманово

Претседател,
дипл. прав. **Трајан Петровски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КУМАНОВО

133.

Врз основа на член 75 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 32/87) и член 14 точка 4 од Статутот на Заедницата за вработување — Куманово, Собранието на Заедницата за вработување — Куманово, на седницата одржана на 28 декември 1989 година донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ СТАПКА НА ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружениот труд од стопанството на подрачјето на општина Куманово, стапката на придонесот за вработување за 1990 година, ќе ја плаќаат по 0,57% од бруто личните доходи.

Член 2

Организациите од вонстопанските дејности на подрачјето на општина Куманово, стапката на придонесите за вработување за 1990 година, ќе ја плаќаат по 0,65% од бруто личните доходи

Член 3

Дејноста основно и средно образование во општина Куманово за 1990 година, ќе плаќаат придонес од бруто личните доходи од работен однос на Заедницата за вработување, по стапка од 0,33%

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр. 08-2885/6
28 декември 1989 година
Куманово

Претседател,
Вера Атанасовска, с р

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

134.

Врз основа на член 103 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр 10/83) и член 181 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен, на седницата одржана на 28 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци од општината Ресен за 1990 година се определуваат и тоа

1. корисници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход), по стапка од 15% од катастарскиот приход,

2 корисници — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност плаќаат во паушален износ и тоа.

— по 100,00 динари годишно по домаќинство, ако семејството е задолжено по катастарски приход;

— по 250,00 динари годишно по домаќинство, ако семејството нема сопствена земја и не е задолжено по катастарски приход;

3. за секој член односно осигурено лице од точка 1 на оваа одлука ќе се плаќа по 100,00 динари годишно

Член 2

Придонесите што се плаќаат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствена заштита и тоа:

— за задолжителни видови — 75%;

— за правата што самостојно ги утврдува Заедницата и другите права од здравствена заштита на земјоделците — 25%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-223
28 март 1990 година
Ресен

Претседател,
Спасе Марковски, с р

135.

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 167 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен („Службен гласник на општината Ресен“ бр 9/84). Собранието на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен, на седницата одржана на 28 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНИ НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Одлуката за придонес за здравствена заштита за 1990 година во член 1 став 2 се менува и гласи

„Се ослободуваат од плаќање од придонес од личен доход и од други примања, како и од доходот и тоа до месец јуни 1990 година

— Здружението на тутунопроизводителите, со 100%,

— Центарот за средно образование „Јосип Броз Тито“ — Ресен, со 50%,

— КЈП „Пролетер“ Ресен, со 50%,

— СВР — Ресен, со 50%,

— Заводот за рехабилитација Отешево, со 50%

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“

Бр 02-213/1
28 март 1990 година
Ресен

Претседател,
Спасе Марковски, с р.

136.

Врз основа на член 303 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр 10/83) и член 159 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен („Службен гласник на општината Ресен“ бр 9/84), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Ресен, на седницата одржана на 28 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основицата за пресметување и плаќање на придонеси за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни рабо-

тодавци и права од здравствено осигурување за кои со закон не се утврдени основици за придонес.

Член 2

Основици за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на правата на ова осигурување на лица вработени кај приватни работодавци претставува договорениот чист личен доход помеѓу приватниот работодавец и работникот кој што не може да биде помал од.

— за неквалификувани работници и домашни помошнички во висина од загарантираниот личен доход од општината во која ја врши својата дејност утврден со прописи

— за полуквалификувани работници	1.232,20 дин.
— за квалификувани работници	1.449,30 дин.
— за висококвалификувани работници	1 632,00 дин

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организација на здружен труд или кај приватни работодавци, основица за остварување на правата, за здравствено осигурување претставува наградата што ја примаат, а која не може да биде помала од

— за ученици од прва година	47,40 динари
— за ученици од втора година	94,90 динари
— за ученици од трета година	115,90 динари
— за ученици од четврта година	134,50 динари

Член 4

Основиците за пресметување ќе се зголемуваат во зависност од зголемување на личниот доход. Зголемувањето се однесува за основиците од член 2 и 3 на оваа одлука.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр 02-132/1 од 28 декември 1988 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-220/1
28 март 1990 година
Ресен

Претседател,
Спасе Марковски, с р

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

137.

Врз основа на член 224, 314 и 315 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, основите на политиката и билансот на средствата за финансирање на општите, општествените и на заедничките потреби во 1990 година и Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доход од ООЗТ, Собранието на ОСИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, на заедничка седница на двата собора, одржана на 28 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Работните луѓе во ОЗТ и граѓаните кои се занимаваат со самостојна, стопанска и нестопанска дејност во 1990 година ќе ги издвојуваат следните придонеси за финансирање на здравството и здравственото осигурување:

1. ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството (дејностите од 01 до 14), ќе издвојуваат 9,30% од бруто личниот доход;

2. граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат по остварен доход, ќе издвојуваат 10% од утврдената даночна основица за 1990 година, која не може да биде пониска од просечно исплатениот бруто личен доход во СРМ во 1990 година,

3. граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат во паушален износ, ќе ги плаќаат следните придонеси:

— граѓаните кои се занимаваат со самостојни стопански и нестопански дејности, кои со одлука на Собранието на општината се прогласени за дефицитарни и во одумирање, ќе плаќаат придонес по стапка од 10% на основицата гарантиран личен доход остварен во претходниот пресметковен период во текот на 1990 година;

— останатите паушалисти ќе плаќаат придонес по стапка од 10% на основица просечен бруто личен доход остварен во стопанството на општината во претходниот пресметковен период во 1990 година;

4. лицата кои примаат материјално обезбедување преку Заедницата за вработување, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,30%.

Член 2

Придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести на работниците од областа на стопанството, нестопанството и на граѓаните што се занимаваат со самостојна стопанска и нестопанска дејност за 1990 година се пресметува по стапка од 0,50% од остварениот доход, а за обврзниците од точка 3 на претходниот член од утврдената основица

Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува оствареният доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот Деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци;

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Основицата за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува оствареният доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд.

ОЗТ кои не пресметуваат доход, придонесот од доходот ќе го пресметуваат по 0,50 од бруто личниот доход,

Во поглед на роковите и начинот на пресметување, уплатување, застареност и присилна наплата на придонесот од доходот на организациите на здружениот труд и за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Член 3

Се ослободуваат од плаќање на придонес од бруто личен доход организациите кои се финансираат од ОСИЗ за здравство, и тоа: Медицинскиот центар — Кавадарци, Градската аптека — Кавадарци и Центарот за социјална работа — Кавадарци.

Член 4

Се задолжуваат Медицински центар — Кавадарци и Градската аптека — Кавадарци, врз основа на заклучоците на Општинското собрание — Кавадарци да формираат економски цени на услугите во областа која ја извршуваат, каде што не постојат законски пречки, изградувајќи преку своите акти критериуми со кои ќе бидат изземени социјално-загрозените граѓани од партиципирање во услугите.

Член 5

Доколку со утврдените стапки од член 1 и 2 од оваа одлука не се остварат услови за реализација на Програмата за здравствена заштита на населението во општина Кавадарци заклучно со шесте месеци од 1990 година, ќе се утврди нова стапка која ќе стори услови за елиминирање на настанатиот дефицит.

Член 6

Се овластува Извршниот одбор на ОСИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, помеѓу две седници на Собранието, да донесува Одлука за измена и дополнување на оваа одлука, со цел стапката да се зголеми или намали и воведе партиципација за да се обезбеди нормално финансирање на здравството и елиминирање на недостатокот на средствата, а на првата наредна седница истата да ја достави на потврдување.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1990 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 466/1
28 март 1990 година
Кавадарци

Претседател,
Диме Чејков, с р.

138.

Врз основа на член 106 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78, 43/78 и 35/85) и член 326 и 327 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравство и социјална заштита — Кавадарци, Собранието на ОСИЗ, на седницата одржана на 28 март 1990 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА — КАВАДАРЦИ ЗА 1990 ГОДИНА

1 Со оваа одлука се утврдува висината на придонесот од доходот на основните организации на здружен труд и на придонесот од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита

2 Обврзници на придонесот од доходот за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, распоредени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр 14/77 и 18/80), во областа на дејностите од 01 до 11.

3 Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува стварниот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во деловни расходи и тоа

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци,

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата, согласно член 17 став 2 од Законот за данокот од доход на организациите на здружен труд

4 Обврзниците од точка 2 на оваа одлука придонесот од доходот го плаќаат по стапка од 0,35%

5. Работниците што остваруваат личен доход од работен однос, освен работниците и вработените кај обврзниците од областа на дејностите од 01 до 11, плаќаат придонес за Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита од личен доход од работен однос по стапка од 1,00% на бруто личниот доход

Организациите од областа на социјалната заштита (Центарот за социјална работа) се ослободуваат од плаќање на придонес на бруто личен доход.

Граѓаните кои остваруваат личен доход од

— вршење на земјоделска дејност ќе плаќаат придонес за социјална заштита по стапка од 0,80% од утврдениот катастарски доход,

— вршење на самостојна стопанска и нестопанска дејност, по стапка од 0,60% од утврдената основица.

6. Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот, ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година

Бр 466/2
28 март 1990 година
Кавадарци

Претседател,
Диме Чејков, с р

139.

Врз основа на член 226 став 1 точка 9 од Статутот на ОСИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, Соборот на делегатите на корисници на услуги и Соборот на делегатите на даватели на услуги на Собранието на ОСИЗ за здравствена и социјална заштита, на одделни седници, одржани на 9 март 1990 година, донесоа

О Д Л У К А
ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1990 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за одделни категории на здравствена заштита ќе се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери), што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 100,00 за задолжителна здравствена заштита и за останатите права од здравствената заштита и во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести,

2. за учениците во стопанството, односно учениците на училишта од средно образование за одделни занимања, за кои покрај училишната се изведува и практична настава во износ од 100,00 динари за задолжителни видови на здравствена заштита и за останати права од здравственото осигурување и во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести,

3 за лицата кои учествуваат на младински работни акции, за кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени сите случаи на инвалидност, во износ од 100,00 динари;

4 за лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 35,00 динари,

5 за лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 100,00 динари,

6 за членовите на потесното семејство на југословенските работници на привремена работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во износ од 250,00 динари по корисник на здравствена заштита,

7 за пензионерите од странски носител на осигурување додека престојуваат на подрачјето на заедницата, ако по меѓународен договор не е определено поинаку, во износ од 250,00 динари,

8 за лицата што се привремено невработени, а редовно се пријавуваат кај Заедницата за вработување, во износ од 100,00 динари по корисник на здравствена заштита,

9 за лицата на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и странство, кои поради тоа го прекинале работниот однос ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 100,00 динари,

10 за лицата кои организацијата пред засновање на работен однос ги упатува како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 100,00 динари,

11 за лицата кои не се осигурени по ниеден друг основ, а се корисници на задолжителни видови здравствена заштита, Собранието на општината — Кавадарци ќе плаќа од буџетот на општината во 1990 година по 100,00 динари месечно по корисник,

12 за лицата кои не се осигурени, а се корисници на материјално парична помош како единствени хранители поради служење во ЈНА, а користат целосна здравствена заштита, давателот на помошта ќе плаќа по 100,00 динари месечно по корисник на здравствена заштита,

13 за лицата корисници на постојана парична помош од Центарот за социјална заштита ќе се плаќа по 100,00 динари месечно за користење на целосна здравствена заштита

Член 2

Во постојан месечен износ се плаќаат и придонесите за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболување од професионални болести за

1. учениците во средното насочено образование и студентите на вишото и високото образование за време на практичната работа во врска со наставата, во износ од 20,00 динари;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за ПИО се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 20,00 динари;

3. лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 20,00 динари,

4. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 20,00 динари,

5. лицата кои работат помалку од половината од полното работно време, во износ од 50,00 динари·

6 лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 30,00 динари,

7. лицата учесници во активности при природни и др. тешки несреќи и активности при противпожарната заштита, во износ од 25,00 динари;

8. лицата кои по барање на надлежни органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за времено укажување на таквата помош според соодветните прописи, во износ од 20,00 динари;

9. лицата кои вршат повремени или привремени работи по основ на договор, во износ од 35,00 динари.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука, освен за лицата по член 1 точка 8, се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката бр. 0201-597 од 10. X 1989 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 март 1990 година

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ"

Бр 384/16
9 март 1990 година
Кавадарци

Собор на корисници на услуги
Претседател,
Јосип Змајшек, с р.

Собор на даватели на услуги
Претседател,
д-р **Јован Гинев,** с р.

РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 309 од 30. I 1990 година, на регистарска влошка бр. 1-796-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Дитуриа", Ц. О, с Липково — Куманово, со следните податоци. Се брише досегашниот застапник Сали Адеми, в. д директор, а се запишува новиот застапник Тацедин Зулфији, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 309/90 (39)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег бр 2305/89 од 15. I 1990 година, на регистарска влошка бр. 2-2200-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето — дополнувањето на дејноста на работењето на ГЗЗ „Обнова" — Кавадарци, со следните податоци·

Споредни дејности·

070121 — текстил и конфекција;
070122 — обувки, кожа, гума и пластика,
070140 — трговија на мало на возила и делови,
070022 — трговија на големо со непрехранбени производи,
070221 — текстил и конфекција;
070226 — хартија и канцелариски материјал;
070230 — трговија на големо со возила и делови

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 2305/89. (40)

Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Крива Паланка

ОБЈАВУВА

ДЕКА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА КРИВА ПАЛАНКА ЌЕ ВРШИ ИЗБОР (РЕИЗБОР) НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОПШТИНСКИОТ СУД, ИЗБОР (РЕИЗБОР) НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ИЗБОР НА ЕДЕН СУДИЈА НА ОПШТИНСКИОТ СУД ЗА ПРЕКРШОЦИ — КРИВА ПАЛАНКА

Покрај општите услови предвидени во член 247 од Законот за државната управа („Службен весник

на СРМ“ бр 45/80), кандидатите за претседател на Општинскиот суд треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79), а кандидатите за претседател и судија на Општинскиот суд за прекршоци да ги исполнуваат условите од член 25 од Законот за судовите за прекршоци („Службен весник на СРМ“ бр. 6/85).

Заинтересираните кандидати пријавите со потребните документи да ги доставуваат до Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Крива Паланка во рок од 15 дена од денот на објавувањето

Од Комисијата за избори и именувања
на СО Крива Паланка

СОДРЖИНА

199. Закон за општествените организации и здруженијата на граѓани (Пречистен текст) 253
200 Одлука за распоредување на средствата за изградба и опремување на објекти што се од општ интерес за Републиката за 1990 година — — — — — — — — — 256
201 Одлука за користење на средствата на Републичкиот буџет за 1990 година — — 257
202. Одлука за дополнување на Одлуката за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — — — — 257
203. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување висината на таксата за уверението за здравствената состојба на животните и за висината на надоместоците за ветеринарно-санитарните инспекциски прегледи — — — — — 257
204 Одлука за распределување на средствата како учество во финансирањето на Програмата за развој на зимските спортско-рекреативни центри — — — — — — 258
205. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија 258
206 Програма за повторно вработување и обезбедување на другите со закон утврдени права на работниците за чија работа престанува потребата заради структурно прилагодување на стопанството во 1990 година — — — — — — — — 258
Преглед на искажаниот технолошки вишок во Републиката — — — — — — 262
207 Одлука за износот на дневницата на делегатите во Собранието на СРМ и на функционерите што ги избира и именува Собранието на СР Македонија — — 263
208. Одлука за висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации и на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија — — — — — — — — — 263
209 Одлука за утврдување висината на надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството — — — — — — — 263
210. Наредба за определување на месечниот износ на висината на цивилната инвалиднина на цивилните инвалиди од војната 264
211 Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр 110/89 од 7 февруари 1990 година 264
212. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 210/89 од 14 март 1990 година — 265
213. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 138/89 од 21 февруари 1990 година 266

Општи акти на самоуправните интересни заедници

122 Одлука за стапката на придонесот и паушалните износи за здравствена заштита на осигурениците-земјоделци во општината Битола за 1990 година — — — — — 266
123 Одлука за измена на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците за 1990 година — — — — — — — — — 267
124 Одлука за утврдување на стапките на придонесите за финансирање на предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата за 1990 година — — — — — — — — — 267
125 Одлука за утврдување на висината и начинот на обезбедување на средства на ОСИЗ на култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка за дејноста култура за 1990 година — — — — — 268
126 Одлука за утврдување на висината и начинот на обезбедувањето на средствата на ОСИЗ за култура, физичка култура и информатика — Крива Паланка за дејноста физичка култура за 1990 година — — — 268
127 Одлука за утврдување висината на придонесите на Општинската СИЗ за социјална заштита за 1990 година — — — 269
128. Одлука за утврдување на стапка на придонес за здравствена заштита на лица привремено невработени за 1990 година 269
129 Одлука за утврдување стапка на придонес за здравствена заштита на работниците за 1990 година — — — — — — 269
130 Одлука за висина на стапките и износот на придонесите за здравствена заштита на земјоделците за 1990 година — — — 270
131. Одлука за утврдување на износите на придонесите за здравствена заштита на одделни категории лица за 1990 година — 270
132 Одлука за утврдување на висина и начинот на обезбедување на средствата на ОСИЗ на култура, физичка култура, техничка култура и информирање — Куманово за 1990 година — — — — — — 271
133 Одлука за одредување стапка на придонес за вработување за 1990 година — — 272
134 Одлука за придонесите за здравствена заштита на корисниците-земјоделци од општината Ресен за 1990 година — — — 272
135 Одлука за измени на Одлуката за стапката на придонесот за здравствена заштита и стапката на посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство на корисниците — работници од општината Ресен за 1990 година — — 272
136 Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци за 1990 година — — — — — — — — — 272
137. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1990 година — — — — 273
138 Одлука за утврдување на стапките на придонеси за финансирање на социјална заштита во општината Кавадарци за 1990 година — — — — — — — — — 273
139. Одлука за придонесите за здравствено осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории корисници на здравствена заштита за 1990 година — — — — — — — — — 273

Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „Васил Ѓоргов“ бб. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Пошт. фах. 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат. Графичко-издавачко претпријатие „Гоце Делчев“ — Скопје